929Миркуловска, Б.

**Димитар Пандев**

## ВО СПОМЕН НА БИСТРИЦА МИРКУЛОВСКА

Се простуваме денес од Бистрица Миркуловска, а како да се простуваме од сиот оној изминат пат на македонската литература од времето потем Револуцијата. Зашто, Бистрица своите први обиди на македонски јазик, кој не ѝ беше мајчин, ги направи уште во првите македонски списанија за деца, започна да пишува уште во она време кога не беше примерно да се биде поетеса, а таа го издржа тој пат пред сите предизвици на поетското писмо, од пишувањето за деца преку мал заграб во интимната поезија, до најновите чекори да се биде пред сите во освојувањето на формите, на хаикуто и на танка записите, и со смелоста интертекстуално да се излезе од друга поетска реч, во името на јубилејноста, независно дали на прославата или на мементото.

А, да се биде писател за деца од ковот на Бистрица Миркуловска, значеше да се има педагошки пристап кон детето од сите овие различни времиња што го обележија нашето современие, особено од шеесеттите години на минатиот век, од кога ѝ се првите книги за деца („Цвеќенца", 1960), преку оние турбулентни транзициски години, што меѓу првите ги внесе во литературата за деца („Клучарчиња", 1992).

И, да се биде во допир со најновите достигнувања во литературата, значело да се поврзе универзитетската професија со творечката.

Зад Бистрица Миркуловска останува богат книжевен опус, грижливо создаван над шест децении, од времето на нејзините првообјави, меѓу нив книгата раскази „Градинче" (1962) и богатиот корпус литература за деца, што ѝ остана трајна преокупација, преку навлегувањето на сферите на интимата, што отсекогаш ѝ било забранета зона, а во која навлегува стамено со „Прекршен лет" во 1995 г.

Активно творејќи во два века, во првите децении на XXI век Миркуловска на секоја размисла што допрела до неа независно преку кој медиум, знаела да ѝ дава современа поетска димензија, да навлегува во тајните на микрокосмосот, интертекстуално да навлегува во порите на поезијата од сите светски меридијани и, бездруго, во македонската, во стиховите на Конески, кому со поетска збирка ќе му го одбележи јубилејот – сто години од раѓањето („Микрокосмос“, 2021) и секогаш во духот на Конески – „со добра мисла“.

Миркуловска секогаш посакуваше уште нешто да рече. Нам ни останува да ѝ се заблагодариме за нејзниот сестран придонес во македонската литература, зашто таа беше еден од најактивните членови на Друштвото на писателите на Македонија, секогаш присутна на сите настани.

А, имаше и една чудесна дарба, знаеше живо и до ситница да раскажува за книжевни настани, промоции, и особено литературни манифестации за деца, на кои беше скоро редовен учесник. И, како да сакаше сите да сме биле таму и да ја почувствуваме убавината на книжевните дружења. Зашто, книжевноста отсекогаш растела во друштва, и по нив секоја национална литература е препознатлива. А македонската, меѓу другото, е препознатлива по Друштвото на писателите на Македонија, и, еве, денес со гордост се присеќаваме на сите моменти поминати во Друштвото на писателите во друштво со Бистрица Миркуловска. И ниеден настан во Друштвото не поминуваше без нејзин збор.